МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

# Рејтинзи на политичките партии

*Преглед на анкетите за мерење на рејтингот*

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС
Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС

**Автори**
Сашо Клековски
Александар Кржаловски

**Подготовка**
Даниела Стојанова, МЦМС

ISBN 978-608-4617-27-3

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ВМРО-НП | ВМРО - Народна партија |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЛДП | Либерал демократска партија |
| НД | Нова демократија |
| НДП | Национална демократска преобразба |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |

| | |
|---|---|
| Брима | Брима Галуп |
| Д.Чуповски | Институт Димитрија Чуповски |
| ИДСЦС | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје |
| ИПИС | Институт за политички истражувања - Скопје |
| ИСППИ | Институт за социолошки и политичко правни истражувања |
| Либерта | Либерта институт |
| Павел Шатев<br>П. Шатев | Институт Павел Шатев |
| Прогрес | Институт Прогрес |
| Рејтинг | Агенција Рејтинг |

| | |
|---|---|
| ДИК | Државна изборна комисија |

## ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во рамките на своите активности за следење на вонредните парламентарни избори, кои вклучуваат истражувања, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето, ги следи и објавите на разните агенции за рејтингот на политичките партии. Во овој извештај е презентиран преглед на последните објави на секоја од агенциите пред претстојните избори на 5 јуни 2011 година.

Прегледот е направен врз основа на комплетни информации од самите агенции доставени до МЦМС (Брима, ИДСЦС, ИПИС и Либерта), од објавените анкети на нивните веб-страници (Прогрес, Рејтинг) и од објавите во медиумите (ИСППИ, Павел Шатев).

**Табела 1: Преглед на агенциите и нивните веб-страници**

| Агенција | Веб-страница |
|---|---|
| Брима | http://brima.com.mk |
| ИДСЦС | http://www.idscs.org.mk/ |
| Д.Чуповски | - |
| ИСППИ | http://www.isppi.ukim.edu.mk/ |
| ИПИС | - |
| Либерта | http://www.libertainstitute.org |
| Павел Шатев | - |
| Прогрес | http://www.progres.org.mk/ |
| Рејтинг | http://www.rating-mk.com/ |

Согласно со тоа, секаде каде што беше можно директно се преземени податоците од самите агенции, додека за оние преземени од весниците, преземени се објавените податоци и направени се дополнувања (назначено во текстот) за постигнување на конзистентност и обезбедување целосна информација.

Во овој преглед се објавени споредбено рејтинзите на партиите (процентот од испитаниците кои се изјасниле за таа партија на прашањето „за кого ќе гласате на изборите на 5 јуни“ или слична формулација, зависно од агенцијата), според анкетите на агенциите. Споредена е прво методологијата: тип на истражување (теренско или телефонско), примерокот (број на испитаници), статистичката грешка (каде што било достапно), како и периодот на анкетирањето и датумот на објавување.

Понатаму, направена е проценка на предвидениот број освоени гласови, согласно со процентите од анкетата, што вклучува и проценка за излезноста на изборите, што ќе биде директно најспоредлив податок со конечниот извештај на Државната изборна комисија (ДИК) по завршувањето на изборите.

На крај, за оние агенции кои самите објавиле проценка на предвиден број пратеници, прикажана е и таа споредба по партии и агенции.

Треба да се нагласи дека сите анкети без исклучок, се однесуваат на изборите на територијата на Република Македонија, без дијаспората, па согласно со тоа проценките се однесуваат на изборот на 120 пратеници во шесте изборни единици во државата, а не и на дополнителните три од дијаспората.

Исто така, во сите истражувања има процент на статистичка грешка (од 2 до 3%) што значи дека е можен резултат во тие рамки, односно зголемувања/намалувања на изборните резултати на секоја од партиите, од она што е предвидено со анкетите.

# МЕТОДОЛОГИИ НА АГЕНЦИИТЕ

Во табелата подолу е даден преглед на применетата методологија од секоја од агенциите.

**Табела 2: Преглед на методологиите (редоследот е според датумот на објавата)**

| Агенција | Тип | Примерок | Стат. грешка | Период | Објава |
|---|---|---|---|---|---|
| **Д.Чуповски** | Телефонска | 1.550 | - | 27-29.5.2011 | 30.5.2011 г. |
| **ИДСЦС** | Телефонска | 1.111 | 3 % | 26-28.5.2011 | 30.5.2011 г. |
| **Прогрес** | Телефонска | 1.116 | - | 26-28.5.2011 | 29.5.2011 г. |
| **ИПИС** | Телефонска | 1.111 | 3 % | 26-28.5.2011 | 29.5.2011 г. |
| **Рејтинг** | Телефонска | 1.560 | 2,1 % | 20-24.5.2011 | 27.5.2011 г. |
| **Павел Шатев** | Телефонска | 1.000 | - | 19-23.5.2011 | 26.5.2011 г. |
| **Либерта** | Телефонска | 1.603 | 2,5% | 20-23.5.2011 | 26.5.2011 г. |
| **ИСППИ** | Теренска | 1.602 | - | 6-11.4.2011 | 18.4.2011 г. |
| **Брима** | Теренска | 1.158 | 2,89% | 26.1-3.2.2011 | 5.2.2011 г. |

Треба да се има предвид дека последната анкета на агенцијата Брима е објавена во февруари, пред да се распишат изборите за 5 јуни. Покрај таа, само уште анкетата на ИСППИ е теренска, а сите останати се телефонски.

# РЕЈТИНЗИ НА ПАРТИИТЕ

Во следната табела, прикажани се рејтинзите на партиите, како и проценката за процентот на неопределени гласачи (колона Неопределени).

**Табела 3. Рејтинзи на партиите (во %)**

| Агенција | Опр. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | НД | ЛДП | НДП | ВМРО-НП | ОМ | Др. | Неоп. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Д.Чуповски** | **58,7** | 26,7 | 12,9 | 8,5 | 3,9 | 1,4 | 2,3 | 3,0 | - | - | - | **41,3** |
| **ИДСЦС** | **52,9** | 19,4 | 15,1 | 6,9 | 3,9 | 1,0 | 0,8 | 1,8 | 1,1 | 1,3 | 1,6 | **47,1** |
| **Прогрес** | **67,3** | 19,6 | 22,9 | 8,3 | 5,3 | 2,4 | 0,1 | 3,1 | 1,6 | 2,9 | 1,1 | **32,7** |
| **ИПИС** | **56,5** | 22,6 | 15,4 | 6,4 | 3,6 | 1,4 | 1,5 | 2,0 | 1,7 | 1,5 | 0,4 | **43,5** |
| **Рејтинг** | **60,0** | 20,6 | 15,0 | 6,8 | 4,1 | 2,0 | 1,9 | 2,5 | 2,7 | 2,1 | 2,1 | **40,0** |
| **П. Шатев** | **55,1** | 23,7 | 13,9 | 6,6 | 3,2 | 1,4 | 1,4 | 2,1 | 1,0 | 0,7 | 1,1 | **44,9** |
| **Либерта** | **66,1** | 19,2 | 18,0 | 7,9 | 7,6 | 1,9 | 1,4 | 3,0 | 2,6 | 2,8 | 1,8 | **33,9** |
| **ИСППИ*** | **68,7** | 21,8 | 19,8 | 8,8 | 5,9 | 1,9 | - | 4,5 | - | - | 6,0 | **31,3** |
| **Брима** | **44,6** | 18,0 | 11,2 | 8,6 | 2,9 | 0,9 | 0,3 | 0,4 | 0,2 | 0,6 | 1,5 | **55,4** |

*објаснување дадено во текстот подолу

Во табелата се вклучени сите партии кои во некоја од анкетите се појавиле со над 0,5% рејтинг. Сите други партии, кои се појавуваат во некоја од анкетите, но никаде со повеќе од 0,5 % од гласовите, се вклучени во колоната „други“. Кај ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ се работи за изборните коалиции. Сите податоци (проценти) за партиите се преземени од објавите на агенциите. Во случајот на ИСППИ за партиите ЛДП, ВМРО-НП, ОМ и други, за кои збирот е 6,0 % нема експлицитен податок за точниот процент на секој од нив (освен дека сите се под 2 %), па за нив не се претставени податоци.

Методолошка забелешка за колоната „Неопределени“ е дека агенциите користеле разни опции (или испитаниците се изјаснувале различно кога немало понуден избор на

опции) како одговори: не знам, нема да гласам, немам одлучено/не сум определен, ниедна, не сакам да кажам и слично. Иако за дел од овие испитаници може да се претпостави дека сепак ќе излезат на гласање, заради усогласеност на приказите, сите тие (освен каде што е јасно издвоено од самата агенција) се прикажани во колоната „неопределени“.

При усогласувањето на податоците се направени следните интервенции:

- ИПИС има претпоставка за излезност од 53,5 до 56,5%. Тука е земена втората;

- кај Рејтинг е земена предвид нивната претпоставка за излезноста од 60% (според нивниот опис, таа не е добиена врз основа на статистичките податоци од анкетата);

- кај Либерта, земен е предвид процентот за излезност од 66,1% како што е истакнато на почетокот на нивниот извештај, без оглед што потоа, на прашањето за рејтинзите имало испитаници кои изјавиле Не знам или Не одлучил. Тие се распределени пропорционално.

Овој податок индиректно е и проценка за излезноста на изборите. Имено, сите проценти искажани за некоја од партиите (вклучително и опцијата „други“), а во случајот на агенцијата Рејтинг и пропорционалното распоредување на неопределените, укажува на проценката колкав процент од избирачите всушност ќе излезат да гласаат. Проценките за излезноста (не вклучувајќи ја анкетата на Брима која е направена долго пред изборите), се движат од  52,9 % до 68,7 %.

Земајќи предвид дека во конечните резултати од ДИК, се сметаат освоените гласови, односно процентите на партиите во однос на вкупниот број избирачи кои гласале, во продолжение е прикажана пресметка на процентите на партиите во однос само на определените испитаници. Процентите се или директно пренесени од податоците на агенциите или се градирани во однос на објавените вкупни проценти (види табела 3).

**Табела 4: Рејтинзи на партии како процент само од определените испитаници**

| Агенција | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | НД | ЛДП | НДП | ВМРО-НП | ОМ | Др. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Д.Чуповски** | 45,5 | 22,0 | 14,5 | 6,6 | 2,4 | 3,9 | 3,0 | - | - | - |
| **ИДСЦС** | 36,7 | 28,5 | 13,0 | 7,4 | 1,9 | 1,5 | 3,4 | 2,1 | 2,5 | 3,0 |
| **Прогрес** | 29,1 | 34,0 | 12,3 | 7,9 | 3,6 | 0,1 | 4,6 | 2,4 | 4,3 | 1,6 |
| **ИПИС** | 40,0 | 27,3 | 11,3 | 6,4 | 2,5 | 2,7 | 3,5 | 3,0 | 2,7 | 0,7 |
| **Рејтинг** | 34,4 | 25,1 | 11,3 | 6,9 | 3,3 | 3,2 | 4,2 | 4,5 | 3,6 | 3,6 |
| **П. Шатев** | 43,0 | 25,2 | 12,0 | 5,8 | 2,5 | 2,5 | 3,8 | 1,8 | 1,3 | 2,0 |
| **Либерта** | 29,0 | 27,3 | 11,9 | 11,6 | 2,8 | 2,1 | 4,5 | 4,0 | 4,2 | 2,7 |
| **ИСППИ** | 31,7 | 28,8 | 12,8 | 8,6 | 2,8 | - | 6,6 | - | - | 8,8 |
| **Брима** | 40,4 | 25,1 | 19,3 | 6,5 | 2,0 | 0,7 | 0,9 | 0,4 | 1,3 | 3,4 |

На сличен начин, во следната табела е претставен проценетиот број освоени гласови, согласно со предвидена излезност.

**Табела 5: Проценет број на освоени гласови (од вкупно 1.821.122 избирачи)**

| Агенција | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | НД | ЛДП | НДП | ВМРО-НП | ОМ | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Д.Чуповски** | 486,240 | 234,925 | 154,795 | 71,024 | 25,496 | 41,886 | 54,634 | 0 | 0 | 0 |
| **ИДСЦС** | 353.298 | 274.989 | 125.657 | 71.024 | 18.211 | 14.569 | 32.780 | 20.032 | 23.675 | 29.138 |
| **Прогрес** | 356.940 | 417.037 | 151.153 | 96.519 | 43.707 | 1.821 | 56.455 | 29.138 | 52.813 | 20.032 |
| **ИПИС** | 411.574 | 280.453 | 116.552 | 65.560 | 25.496 | 27.317 | 36.422 | 30.959 | 27.317 | 7.284 |
| **Рејтинг** | 375.868 | 273.867 | 122.961 | 75.453 | 36.329 | 34.932 | 46.110 | 48.905 | 39.124 | 39.124 |
| **П.Шатев** | 431.606 | 253.136 | 120.194 | 58.276 | 25.496 | 25.496 | 38.244 | 18.211 | 12.748 | 20.032 |
| **Либерта** | 278.632 | 262.242 | 114.731 | 111.088 | 27.317 | 20.032 | 43.707 | 38.244 | 40.065 | 25.496 |
| **ИСППИ** | 397.005 | 360.582 | 160.259 | 107.446 | 34.601 | - | 81.950 | - | - | 109.268 |
| **Брима** | 327.802 | 203.966 | 156.616 | 52.813 | 16.390 | 5.463 | 7.284 | 3.642 | 10.927 | 27.317 |

# ПРОЦЕНКА ЗА БРОЈ НА ПРАТЕНИЦИ

Неколку од агенциите излегоа и со свои проценки за бројот на освоени пратенички мандати на секоја од партиите. Сепак, сите тие имаат истакнато дека овие проценки треба да се земат со резерва, бидејќи примероците на испитаници се репрезентативни на национално ниво, но не и на ниво на изборни единици, па конечниот резултат може да варира и по неколку пратеника по партија.

**Табела 6: Проценет број на освоени пратенички мандати**

| Агенција | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА | НД | ЛДП | НДП | ВМРО-НП | ОМ | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Д.Чуповски** | 58 | 29 | 15 | 7 | 2 | 4 | 4 | 0 | 0 | 1 |
| **ИДСЦС** | 48 | 37 | 16 | 9 | 2 | 1 | 3 | 2 | 2 | 0 |
| **ИПИС** | 52 | 34 | 14 | 8 | 2 | 2 | 4 | 2 | 2 | 0 |
| **Рејтинг** | 48 | 35 | 13 | 8 | 3 | 2 | 4 | 4 | 3 | 0 |
| **П.Шатев** | 55 | 30 | 15 | 7 | 3 | 3 | 4 | 2 | 1 | 0 |
| **Либерта** | 42 | 40 | 13 | 13 | 1 | 1 | 4 | 3 | 3 | 0 |
| **ИСППИ*** | 45 | 41 | | | | | | | | |

* во проценката на ИСППИ се идентификувани податоци само за коалициите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ.